Бр./Nr 09-555/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

28-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-та седница одржана на 17.12..2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-555/1 од 04.02.2021 година, против м-р -----------, претседател на Комора на ----------- на РСМ, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување, бидејќи пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот закон.

Предметот со број 09-555/1 од 04.02.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 04.02.2021 година, доставена е пријава со основи за сомневање за постоење на судир на интереси кај лицето м-р ------------ кој врши две функции и тоа Претседател на Комора на --------- на РСМ и лиценциран ---------- и оформен е предмет број 09-555/1 од 04.02.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека лицето ---------- е запишан како лиценциран --------- во Именикот на лиценцирани ----------- при Комората на ---------- на РСМ, а на ден 24.03.2019 година е реизбран за претседател на Комората на ---------на РСМ. Подносителот на пријавата смета дека горенаведеното лице се наоѓа во состојба на судир на интереси, односно го прекршил член 44 став 1 од ЗСКСИ.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, пријавеното лице, Претседател на Комора на ---------- на РСМ, м-р ---------- не е службено

лице во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ, врз основа на тоа ДКСК нема надлежност да постапува по наведениот предмет.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Изготвил: С.М-виш соработник
Одобрил: С.П.Д- член на ДКСК